Врз основа на Законот за игрите на среќа и забавните игри(Сл.Весник на РМ ,бр. 24/11,51/11,148/11,74/12,27/14,139/14,61/15,154/15,23/16 и 178/16) и Одлуката за организирање на наградна игра Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕДИС-ЗДРУЖЕНИ МАРКЕТИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Перо Наков бр. 50 -Гази Баба како организатор ) на 10.12.2018 година ги донесе следните

Друштво за производство, трговија и услуги
ХЕДИС - ЗДРУЖЕНИ МАРКЕТИ ДООЕЛ
Бр. 02-359
10.12 2018 год.
СКОПЈЕ

**ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА**

**„СО ХЕДИС ВРЕДИ“**

**Член 1**

**ХЕДИС-ЗДРУЖЕНИ МАРКЕТИ ДООЕЛ -Скопје со седииште на ул. Перо Наков бр.50 Гази Баба** како организатор ќе организира наградна игра под официјален назив **„СО ХЕДИС ВРЕДИ“**

Наградната игра се организира на територијата на цела Република Македонија.

**Член 2**

Наградната игра **„СО ХЕДИС ВРЕДИ“** ќе трае од 26.12.2018 до 25.03.2019 година.

**Член 3**

Вредноста на наградната игра **„СО ХЕДИС ВРЕДИ“** изнесува **130.000,00 денари**

Наградниот фонд е со пресметан ДДВ.

**Член 4**

Во наградната игра **„СО ХЕДИС ВРЕДИ“** ќе бидат доделени следниве награди:

- **500 награди** во вредност од по **50,00** денари или вкупна вредност од - **25.000**,00 денари

- **100 награди** во вредност од по **100,00** денари или вкупна вредност **10.000,00 денари**

- **1000** кесички **ХЕДИС ФЛИПС** во вресност од **10,00 денари** или вкупно **10.000,00** денари.

- **30 фудбалски топки** во вредност од по **300,00** денари или вкупна вредност од **9.000,00** денари.

- **20 ранци** во вредност од по **550,00** денари или вкупна вредност од **11.000,00** денари.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ IV

**-10 радиа Х-Б** во вредност од по **650,00** денари или вкупна вредност од **6.500** денари.

**- 3 електрични тротинети** од по **16.525,00** денари или вкупна вредност од **58.500** денари.

Во цената е пресметан ДДВ

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА НАГРАДИТЕ:**

| **Р.бр** | **Број и вид на наградата** | **Поединачна цена** | **Вкупно денари со вклучен ДДВ** |
|---|---|---|---|
| **1** | **500 парични добивки** | **50,00 денари** | **25.000,00** |
| **2** | **100 парични добивки** | **100,00 денари** | **10.000,00** |
| **3** | **1000 кесички Хедис флипс** | **10,00 денари** | **10.000,00** |
| **4** | **30 фудбалски топки** | **300,00 денари** | **9.000,00** |
| **5** | **20 ранци** | **550,00 денари** | **11.000,00** |
| **6** | **10 радио Х- Б** | **650,00 денари** | **6.500,00** |
| **7** | **3 електрични тротинети** | **16.525,00 денари** | **58.500,00** |
| | | | |
| **Вкупно** | **Награди** | | **130.000,00** |

**Вкупен награден фонд со вклучен ДДВ е 130.000,00 денари**

**Член 5**

Организаторот, ја организира наградната игра **„СО ХЕДИС ВРЕДИ“** со цел рекламирање на производот ХЕДИС ФЛИПС.

**ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА**

**Член 6**

Наградната игра ќе биде организирана на следниот начин:

Секој ден (почнувајќи од 26.12.2018 па се до 25.03.2019) од страна на организаторот на наградната игра **„СО ХЕДИС ВРЕДИ“** во малопродажба ќе бидат пуштени **1663** добитни пакувања ХЕДИС ФЛИПС , а заедно со добитните ќе бидат пуштени и недобитни пакувања ХЕДИС ФЛИПС. Учесникот во наградната игра ќе утврди дали пакувњето е добитно или недобитно со отварање на пакувањето, каде јасно и недвосмислено на

внатрешната страна на пакувањето на ХЕДИС ФЛИПСОТ е испишана вредноста на наградата (доколку е парична награда или Хедис флипс). Ако наградата е Хедис флипс, тогаш на внатрешната страна од пакувањето ќе стои испишано „гратис флипс". Доколку наградат е непарична, ќе бидат испишана на картонче кое ќе се наоѓа во внатрешноста на кесичката. При подигање на наградите добитникот на наградата е должен да потполни образец во кое ги наведува личните податоци (име и презиме ,адреса телефонски број).

Доколку на кесичката има отпечатено назив „гратис-флипс," добитникот кесичката му ја покажува на вработеното лице на каса и истиот на добитникот му дава уште едно кесиче ХЕДИС ФЛИПС гратис, на кое исто така можноста за награда не се исклучува.

Наградните кесички ХЕДИС ФЛИПС на кои ке биде одпечатен износ од 50 и 100 денари како и кесичките во кои ќе биде пронајдено картонче на кое е испишана некоја од непаричните награди, учесникот во наградната игра ќе ги подигне во рок од една недела од денот на пријавувањето на наградата во маркетот каде ке го купи кесичето ХЕДИС ФЛИПС. Продавачот е должен веднаш да ја пријави наградата кај организаторот на наградната игра за да ја обезбеди, а на добитникот да му ја предаде најдоцна во рок од седум дена од денот на пријавувањето на добитното пакување од добитникот.

Организаторот е должен со исплатата на паричната добивка истовремено да го плати персоналниот данок на добивката на добитникот и за тоа уредно и благовремено да му достави потврда на домашна адреса.

Пакувањата кои се однесуваат на наградната игра, после завршувањето на наградната игра нема да бидат важечки и за нив нема да се доделуваат награди. Потполнетите обрасци се доставуваат до организаторот на наградната игра најдоцна во рок од 2 дена од денот на завршувањето на наградната игра.

Контрола за текот и регуларноста на наградната игра ќе ја врши лицето вработено на касата во маркетите каде што ќе се продаваат ХЕДИС ФЛИПС кесичките кое ќе биде во постојан контакт со организаторот на наградната игра **„СО ХЕДИС ВРЕДИ"**.

Потврда за учество во наградната игра е добитната ќесичка за паричните награди и за наградата ќесичка флипс. За поричните награди потврда за учество е картончето на кое е испишана добивката.

**.Член 7**

По завршувањето на наградната игра и доделувањето на наградите ќе биде изготвен извештај за текот на наградната игра . Кон извештајот ќе се приложат потврди и изјави за примопредавање на наградите.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ IV

Добитниците на наградите ќе бидат објавени во рок од три дена од денот на завршувањето на наградната игра , односно на 28.03.2019 година на интернет страницата www.hedis.mk

Добитните пакувања ќе се примаат и се важечки до крајот на работното време во денот кога завршува наградната игра.

Пакувањата кои се однесуваат на наградната игра, после завршувањето на наградната игра нема да бидат важечки и за нив нема да се доделуваат награди .

**Член 13**

Организаторот се обврзува дека личните податоци ќе ги користи исклучиво за потребите на наградната игра и дека со нив ќе постапува согласно законските прописи.

Организатор:

**ХЕДИС - ЗДРУЖЕНИ МАРКЕТИ ДООЕЛ Скопје**

**УПРАВИТЕЛ**

**Со неограничени овластувања**

-----------------------------------------------------

**Марјан Танчевски**

Друштво за производство, трговија и услуги ХЕДИС ЗДРУЖЕНИ МАРКЕТИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ IV